БР. 09-1286/1
од 06.11.2023 година

Пехчево

Градоначалникот на Општина Пехчево, решавајќи по предлогот за одобрување на **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за Урбанистичи Проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура Е3.1- Локални депонии за одлагање на неопасен отпад – Депонија за комунален отпад во општина Пехчево** согласно законот од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Пехчево, со Решение за формирана бр. 09-124/1 од 26.01.2023 година, а врз основа на член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се **одобрува** ПРОЕКТНА ПРОГРАМА, **за Урбанистичи Проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура Е3.1- Локални депонии за одлагање на неопасен отпад – Депонија за комунален отпад во општина Пехчево** поднесена со барање број 11-134/1 од 30.01.2023 година дополна на барање бр.88-2/22 од 10.2023, **со тех. Бр. 88/22 .од октомври 2023год.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот **ИНГРА, ДООЕЛ Скопје** до Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Пехчево, поднесе барање за одобрување **на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог проектна програма
2. Услови за планирање на просторот

Градоначалникот на Општина Пехчево по извршениот увид во приложената документација со барањето и предлогот за одобрување од Комисијата за урбанизам под бр. 11-134/4 од 02.10.2023 година, констатира дека барањето е основано и се

исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Александар Китански**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА ПЕХЧЕВО • ПЕХЧЕВО